**Известување за концентрација**

Помеѓу **Друштво за производство и трговија Пофикс ДОО Тетово** и **Модна конфекција Единство АД Тетово**, Република Македонија
(**предмет бр.** 08-112/2012)

1. Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10 и 136/11), на ден 09.11.2012 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која **Друштво за производство и трговија Пофикс ДОО Тетово**, со главно седиште на ул. Деребој ББ, Тетово, Република Македонија, во смисла на одредбите од член 12 од Законот за заштита на конкуренцијата, стекнуваа контрола врз **Модна конфекција Единство АД Тетово**, со главно седиште на ул. Браќа Миладиновци бр. 380, Тетово, Република Македонија, ***по пат на стекнување акции.***

2. Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:
   2.1. **Друштво за производство и трговија Пофикс ДОО Тетово –** производство на малтер и
   2.2. **Модна конфекција Единство АД Тетово –** производство на долна облека.

3. Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

4. Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Мито Хаџивасилев Јасмин 50, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

12.11.2012 година
Скопје